**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ПРАВНИ, ФИНАНСИСКИ И МАРКЕТИНГ АСПЕКТИ НА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ (ПРАКТИКУМ)” ОД М-Р БИЛЈАНА ЦОНЕВСКА, Д-Р ЉУПЧО ДАВЧЕВ И Д-Р ТАМАРА ЈОВАНОВ-МАРЈАНОВА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката од 78. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет одржана на 3.6.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- доц. д-р Љупчо Сотироски, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
- доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
- доц. д-р Мичо Апостолов, Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис **„ПРАВНИ, ФИНАНСИСКИ И МАРКЕТИНГ АСПЕКТИ НА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ” од авторите асистент д-р Тамара Јованов-Марјанова, асистент д-р Љупчо Давчев и м-р Билјана Цоневска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Предложениот ракопис „ПРАВНИ, ФИНАНСИСКИ И МАРКЕТИНГ АСПЕКТИ НА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ (ПРАКТИКУМ)” е во согласност со Програмата за реализација на Проектот за бесплатни обуки за теоретски и практични знаења и вештини на претприемачи од областа на финансиите, маркетингот и правото (реализиран според Меморандумот за соработка помеѓу Општина Штип и Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип), како и во согласност со наставната програма предвидена за повеќе предмети во различни студиски години и во различни студиски програми на Економскиот факултет во Штип. Предметите за кои е изготвен ракописот се: Менаџмент на мал бизнис (втора студиска година, со неделен фонд на часови 2+2+1), Маркетинг (трета студиска година, 2+1+1), Претприемништво (втора студиска година, 3+2+2), Анализа на финансиски извештаи (трета студиска година, 2+1+1), Финансиско сметководство (втора студиска година, 2+2+1), Инвестиционо банкарство (четврта година, 2+2+1) на насоките Менаџмент и претприемништво (Кочани) и Финансиски менаџмент (Штип и Струмица). Тоа значи дека предложениот ракопис ја опфаќа наставната програма по наведениве предмети.

**Податоци за обемот ракописот:** 80 страници, Б5 формат.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Практикумот „ПРАВНИ, ФИНАНСИСКИ И МАРКЕТИНГ АСПЕКТИ НА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ” претставува прво издание на Општина Штип и Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, кое опфаќа практични примери и задачи од областа на правото, финансиите и маркетингот. Претходно не е објавена слична или иста публикација за практична примена од овие области, со што ова издание претставува една нова материја и како такво ги задоволува барањата на Проектот, но и на наставната материја.

**Краток опис на содржината:** Трудот е систематски и логички подреден во три дела. Во првиот дел се разгледуваат прашања поврзани со правните аспекти при основањето и деловното работење на идните претприемачи. Овој дел претставува преглед на постоечката

литература и законската регулатива од оваа област во Р. Македонија, чие познавање ќе им помогне на идните претприемачи за основање и зародиш на една нова и во иднина успешна бизнис приказна. Во овој дел се систематизирани оние најзначајни делови од постоечката литература кои укажуваат на значењето на изборот на форма на трговско друштво и на тоа кои предности и кои недостатоци ги има секоја од нив, кои ја објаснуваат процедурата, односно постапката за упис на друштвото во трговскиот регистар. Воедно, целта на овој дел е да се запознаат идните претприемачи со законските решенија од оваа област. Запознавањето на идните претприемачи со основните термини, постапки и процедури уште при стартот на друштвото е од особено значење и затоа заслужува свој простор во овој прирачник.

Вториот дел е посветен на разгледување и објаснување на прашањата поврзани со финансиските аспекти на деловното работење. По донесување на одлука како да се организира претприемачкиот бизнис, важно е да се одржува евиденција за финансиите и операциите кои се случуваат во компанијата уште од почеток. Овие биланси и записи обезбедуваат постојана повратна информација за донесување на одлуки и внатрешна анализа, но ги дава и потребните информации на кредиторите и инвеститорите при донесување на значајни финансиски одлуки. Секој претприемач треба да има основно разбирање за тоа како финансиските извештаи ја одразуваат почетната состојба и како се следи развојот на средствата вложени во сопствениот бизнис. Еден претприемач треба правилно да ги разбере сметководствените постапки при продажби и трошоци и како се утврдува дали вложените пари создаваат профит. Со користење на овие забелешки се развива знаењето на еден претприемач како да се подготват финансиските извештаи, и разбирање за тоа како парите ќе се создаваат или како ќе се губат. Ова разбирање води кон способноста да се протолкуваат важни чекори при вложувањето (дали се создава или се губи во бизнисот) и кога компанијата ја достигнува рентабилната точка на работење. Во овој дел детално е разработена иницијалната и развојната фаза во почетниот стадиум на една компанија, како и билансите на успех и состојба и нивните промени во овие фази. Посебно е разгледано разложувањето на трошоците, како и планот и анализата на почетното производство, и како овие процеси влијаат на ставките во билансот на состојба и билансот на успех.

Третиот дел е посветен на маркетиншките аспекти на деловното планирање. Една од првите и најчести асоцијации поврзани за маркетингот е рекламата. За многу други, пак, тоа е креативноста. Честопати го посоветуваат и со продажба, а во последно време, под напливот на безбројните пропагандни пораки кои преку различни канали пристигаат до потрошувачите, дури и со измама. Сепак, секој образован маркетар може да потврди дека маркетингот може да ги вклучи во себе сите претходно наведени термини, но ниту одблиску не може да се поистовети со ниту еден од нив. Една од омилените дефиниции за маркетинг на авторот е наједноставниот превод на зборот, кој означува пазарни активности што во својата суштина треба да ги обединат побарувачката и понудата, односно ги вклучуваат потрошувачите од една и претпријатијата/ организациите/ институциите од друга страна. Во тој контекст може да се каже дека пазарните активности ги извршува секое претпријатие на пазарот, но не подеднакво добро или успешно. Успехот на пазарните активности зависи од многу фактори, од кои како позначајни се издвоени следниве: технолошкиот напредок и информатичката револуција, иновациите, хиперконкуренцијата, еманципирањето на клиентите, знаењето и умеењето во областа на маркетингот и стратегиското планирање на менаџментот и др. Маркетингот во својата основа подразбира фокусирање кон потрошувачите и остварување на профит на долг рок преку креирање на лојални потрошувачи, врз база на поголема вредност и високо ниво на задоволство кај целните потрошувачи.

### ЗАКЛУЧОК

Трудот претставува научен материјал со висок квалитет кој може да го користат идните претприемачи и студентите и сите кои работат на проблематика што е блиска со правните, финансиските и маркетинг аспектите на деловното работење. Практикумот „ПРАВНИ, ФИНАНСИСКИ И МАРКЕТИНГ АСПЕКТИ НА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ (ПРАКТИКУМ)" претставува, според содржината и начинот на разработката, дело во кое на оригинален начин се разработуваат примери, прашања и решенија со чија примена се овозможува постигнување на поголема ефикасност и ефективност, нудење решенија за прашања и проблеми со кои се среќаваат претприемачите, особено оние кои работат во услови на транзициска економија и се на почеток на воведување на современ концепт и пазарна ориентација.

Во разработка на поставените теми во трудот, авторот со прилично грижлив однос пристапува кон компонирањето на содржината и користениот материјал во конечното обликување на трудот што е пред нас. Со нагласена прецизност ги изведува и презентира заклучоците до кои доаѓа при истражувањето во оваа област.

Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачка работа, присутен е аналитичкиот пристап, квалитативната и квантитативната анализа и научната проценка.

Поради ова, со големо задоволство препорачуваме истиот да биде објавен како учебно помагало - практикум.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Доц. д-р Љупчо Сотироски, с.р.**
**Доц. д-р Крсте Шајноски, с.р.**
**Доц. д-р Мичо Апостолов, с.р.**